ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 02-298/14

Дата: 16.05.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## РЕЗИМЕ

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност на тема "Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија". Ревизијата на успешност е спроведена со цел да одговори на прашањето: "Дали надлежните институции преземаат мерки активности за ефикасно управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2015 година.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:

Со извршената ревизија, констатирани се состојби кои имаат влијание на ефикасноста на преземените мерки и активности во однос на ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија. Неоспорувајќи ги активностите кои се преземени од страна на надлежните институции во процесот на управување со судските депозити и гаранции истакнуваме дека постои потреба од преземање на дополнителни мерки и активности за воспоставување на целосна евиденција, управување со депозитите и гаранциите на начин кој ќе овозможи точни и навремени податоци за видот, износот, старосната структура на судските депозити и гаранции и уплата на истите во Буџетот на РМ, по истекот на законски предвидениот рок. Координацијата на сите институции вклучени во процесот, усогласување на законската и подзаконската регулатива, кадровска екипираност, како и примена на мерката гаранција во основните судови во Република Македонија во случаите во кои судот ќе утврди дека постојат можности за нејзина примена ќе придонесе за воспоставување

на ефикасен систем на управување со судските депозити и гаранции во основните судови во Република Македонија.

Активностите на ревизијата на успешност имаат за цел да помогнат наредните процеси и активности на Министерството за правда, Судскиот буџетски совет и основните судови како надлежни институции за управување со судските депозити и гаранции, да се фокусираат на исполнување на поставените постулати за процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија.

Периодот кој беше опфатен со Ревизијата на успешност е 2013 - 2015 година, одредени области, прашања и настани се опфатени пред 2013 година и последователно до денот на известување од извршената ревизија.

Ревизија на успешност беше насочена кон следните области на ревизија:

- Законска регулатива;
- Постапка за прием на судските депозити и гаранции;
- Евиденција на судските депозити и гаранции;
- Надлежност, ракување, чување и издавање на судските депозити и гаранции.

Целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме со спроведените техники и методологија, ни дадоа основа да утврдиме повеќе состојби, кои се однесуваат на процесот на управувањето со судските депозити и гаранции:

- потреба од вршење на надзор над спроведувањето на прописите за судските депозити и гаранции и примената на Судскиот деловник од страна на Министерството за правда;
- од страна на Министерството за правда не е формирана Комисија, која ќе дава стручни мислења за примена на судскиот деловник;
- Судскиот буџетски совет нема формирано работно тело за следење на системот за автоматска обработка на податоците во материјално финансиското и сметководственото работење во судската власт, неговата имплементација, стандардизација како и за подобрување на наведената апликација;
- постои потреба вршењето на надзорот над материјално финансиското работење со средствата на депозитите и преглед на севкупното финансиско и материјално работење да се врши преку делегирање на надлежности или со формирање на комисии и работни тела;
- не е детално уредена постапката за прием, чувањето, евиденцијата и предавањето на гаранцијата, како мерка која се презема спрема обвинетиот за обезбедување на негово присуство и за непречено водење на кривичната постапка;

- со донесувањето на новиот Судски деловник од 2013 година, не е пропишана формата и содржината на обрасците за примање и издавање на судските депозити од депозитната сметка, заради унифицирање на водењето на сметководството на судските депозити;
- постои потреба од усогласување на законската со подзаконската регулатива во делот на утврдување на сопственоста на застарените депонирани предмети по истекот на законски предвидениот рок;
- основните судови во РМ немаат денарска и девизна смтетка за примените гаранции;
- во основните судови во РМ не се води сметководствена евиденција и не се изготваат финансиски извештаи за средствата добиени по основ на гаранции;
- не е извршено усогласување на паричните средства од депозитите, за кои надлежноста е префрлена од Основен суд Скопје 1 на Основен суд Скопје 2;
- апликацијата за автоматска обработка на податоците АБМС не се применува во сите основни судови заради внесување и обработката на податоците за материјално финансиското и сметководственото работење;
- за работата со судските депозити и гаранции во основните судови во РМ не се определени овластени судски службеници;
- потреба од спроведување на попис на сите депозити и гаранции, со цел утврдување на состојбата со истите;
- потреба од примена на мерката гаранцијата, како мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот, со цел поголема заштита на човековите права и основни слободи, во случаите во кои судот ќе утврди дека постојат можности за нејзина примена.

Дадовме и препораки кои се насочени кон надлежните институции, истите се темелат на резултатите од извршената ревизија и се во функција на подобрување и унапредување на процесот на управување со судските депозити и гаранции во РМ, кои се дел од овој извештај.

Од страна на раководните лица на Основен суд - Скопје 1, Основен суд - Велес и Министерството за Правда добиени се известување, забелешки и мислење на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека во најголем дел претставуваат образложенија на констатираните состојби во наведениот извештај.

# I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

## 1. Вовед

Судските депозити претставуваат полагање на парични средства, благородни метали други предмети изработени од благородни метали, хартии од вредност, скапоцености и други безготовински предмети, за кои во судска постапка ќе се утврди потреба од нивно депонирање. Судските депозити можат да бидат привремени судски депозити и редовни судски депозити.
Привремени судски депозити се уплатени парични средства на депозитната сметка на судот наменети за употреба веднаш или во најкраток рок за определена цел односно за увид, вештачење, награди за стечајни управници и друго, кои можат да се користат само за предвидената намена и нив не може да ги користи судот за друга намена.
Редовните судските депозити можат да бидат готовински и безготовински. Готовинските депозити се уплатени парични средства во благајната на судот, а безготовински судски депозити се уплатени парични средства на депозитната сметка на судот, за кои во судска постапка ќе се утврди потреба од нивно депонирање.

Гаранцијата е една од мерките кои можат да се преземат спрема обвинетиот за обезбедување на негово присуство и за непречено водење на кривичната постапка меѓу кои се и покана, мерки на претпазливост, приведување, лишување од слобода, задржување, краткотраен притвор, куќен притвор и притвор.

При одлучувањето која од наведените мерки ќе ја примени, надлежниот орган ќе се придржува кон условите определени за примена на одделни мерки, водејќи сметка да не се применува потешка мерка ако истата цел може да се постигне со поблага мерка.

## 2. Правна и стратешка рамка

**Закон за вонпарнична постапка**[1]

Согласно Законот за вонпарнична постапка, во судски депозит можат да се предадат пари, благородни метали, хартии од вредност и други исправи што можат да се претворат во пари, скапоцености и други предмети изработени од благородни метали, кога тоа е определено со посебен пропис. Наведените предмети можат да се предадат во судски депозит кај секој Основен суд.
Ако во судски депозит се предаваат пари или странска валута, судот во рок од три дена по приемот, парите, односно странската валута ќе ги вложи на посебна сметка

[1] „Службен Весник на РМ“ број 9 од 18.01.2008 година

кај овластена банка, ако со посебни прописи поинаку не е определено.
Благородните метали, предметите изработени од благородни метали и други скапоцености, како и хартиите од вредност, судот ќе ги предаде на чување на овластена банка, ако со посебни прописи поинаку не е определено.
Другите движни предмети, судот ќе ги довери на доверливи физички или правни лица кои се занимаваат со чување на такви предмети. Во предлогот за примање во судски депозит предлагачот е должен да го означи предметот што се полага во депозит, лицето во чија корист го врши депонирањето и причините на депонирањето, а по потреба за тоа ќе приложи и доказ.
Кога во депозит се предадени предмети за кои депонентот не знае на кои лица треба да им се предадат или ако не знае кои од депонираните предмети на кои лица треба да се предадат, судот ќе закаже рочиште на кое ќе ги повика сите заинтересирани лица за да одлучи на кое од нив му припаѓа депозитот.

Ако лицето во чија корист е предаден предметот во депозит или депонентот, во рок од десет години од предавањето на предметот во судскиот депозит не го подигнат депонираниот предмет, за што биле редовно повикувани, судот со решение ќе утврди дека депонираниот предмет станал сопственост на Република Македонија.

**Судски деловник[2]**

Со судскиот деловник се уредува внатрешната организација на судовите, начинот на работењето на судовите, водењето на евиденции за предметите, водење на уписниците и други помошни книги и книги за евиденција, постапување со списите, обрасците, работата по меѓународната правна помош и постапувањето по претставките и предлозите, повикувањето и распоредувањето на судиите поротници, поставувањето на постојаните судски преведувачи, толкувачи и вешти лица, водење статистика и евиденција и стручното усовршување на кадрите, правила за односи со јавност, посебните ознаки на судските возила, информатичкиот систем во судовите и аудиовизуелно снимање на расправа.

Претседателот на судот и судскиот администратор ја обезбедуваат примената на Судскиот деловник. Од страна на министерот за правда се формира Комисија, која дава стручни мислења за примената на судскиот деловник и неговото усогласување со законите. Комисијата е составена од 7 члена од кои еден судија од Врховниот суд на РМ (Претседавач на работното тело за стандардизација на постапките во судовите), член на Судскиот совет на РМ, судија од Виш управен суд, судија од Апелационен суд, судија од Основен суд и двајца претставници од Министерство за правда - претседавач и координатор на комисијата.

[2] „Службен Весник на РМ“ број 66 од 09.05.2013 година и број 114 од 31.07.2014 година.

**Судска Управа**

Делокругот на судската управа опфаќа обезбедување на услови за работа на судот, преку:

- Примена на судскиот деловник;
- Организација на внатрешното работење;
- Грижа за навремено и уредно вршење на работите во судот;
- Спроведување на распоредот и програмата за работа на судот;
- Законско и наменско располагање со финансиските средства на судот;
- Работите на судски депозити и гаранции и други работи согласно закон и овој деловник.

Претседателот на судот ги врши работите од делокругот на судската управа, ја организира работата, раководи и управува со судот. Во вршењето на работите од судската управа во рамките на своите овластувања, покрај другото, претседателот на судот донесува одлуки, издава наредби и дава упатства.
Претседателот на судот врши редовен надзор над навременото и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно, а вонредно по потреба.
Материјално - финансиските работи се вршат во посебен оддел или одделение под непосреден надзор на претседателот на судот.

Работата во судовите по правило се врши во специјализирани судски оддели кои се формираат за кривична, граѓанска, управна област, оддел за судска пракса, а во Врховниот суд на РМ и оддел за постапување по барања на странките за повреда на правото на судење на разумен рок. Претседателот на одделот изготвува програма и годишен извештај за работа на одделот кои што по претходно усвојување на одделот ги доставува до претседателот на судот.

Во судовите се користи автоматизиран компјутерски систем за управување со предметите, а претседателот на судот е надлежен за надзор над примената и користењето на системот од страна на вработените во судот и судиите. Судовите имаат служби за информатика, како посебни организациони единици. Со центарот, односно службата за информатика раководи претседателот на судот или од него определен судија.

**Материјално финансиско работење**

Материјално финансиското работење го опфаќа работењето на судовите со буџетските и вонбуџетските средства на судовите. Судовите се должни да водат сметководство, составуваат и поднесуваат извештаи согласно Закон, прифатените сметководствените стандарди за јавниот сектор, сметководствените принципи и сметководствената практика.

Сметководственото работење и начинот на внесување на податоците се врши согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, во соодветен облик кој е составен дел на организационата структура на судовите.
Внесувањето и обработката на податоците во врска со материјално финансиското и сметководственото работење во судската власт се врши и евидентира автоматизирано со користење на соодветна апликација за автоматска обработка на податоците.

Администрирањето на системот за автоматска обработка на податоците се врши на ниво на судска власт во стручната служба на Судскиот буџетски совет.

Материјално - финансиското работење го опфаќа и работењето на судовите со вонбуџетски средства, односно ракувањето со туѓи средства кои судот ги прима од други органи, правни и физички лица како судски депозит.

**Судски депозити**

При уплата на привремен судски депозити судијата задолжително во наредбата го наведува името или називот на странката која треба да го уплати депозитот, адресата и матичен или даночен број на странката, број на предметот за кој се однесува уплатата и целта на уплатата, назив на судот, бројот на депозитната сметка на судот, износот на уплатата и рокот за уплата.
Уплатените парични средства се чуваат на депозитната сметка на судот се до издавањето писмена наредба од страна на судија поединец, претседател на совет или претседател на суд за понатамошно постапување со депозитот.
За уплатениот депозит, добиениот извод од банката непосредно се книжи во евиденцијата за депозити. Привремените судски депозити се издаваат врз основа на писмена наредба на судија поединец, претседател на совет или претседател на суд.

Редовните судските депозити ги прима овластениот судски службеник и ги чува на депозитно место. Депозитни места се:

- сеф во благајната на судот - привремено;
- Народната банка на Република Македонија;
- депозитна сметка на судот;
- Агенција за управување со одземен имот;
- сеф во овластена банка, и
- други физички или правни лица на кои им е доверено чување на такви предмети врз основа на претходно склучен договор,

Ако се утврди дека за уплатениот депозит нема формиран предмет ниту предлог барање за депонирање на средства, претседателот на судот донесува наредба депонираниот износ да се врати на депонентот.

Примените скапоцености и предмети се попишуваат од Комисија која ја формира претседателот на судот, составена од три члена, од кои еден е овластениот судски службеник во сметководството и се депонираат на определеното депозитно место од наредбата. За примените скапоцености се составува записник во два примероци, од кои едниот се приклучува во соодветниот предмет, а другиот се става во плик заедно со скапоценостите или другите предмети.
Претседателот на судот може преку овластен проценувач да врши процена на примените скапоцености и предмети. Трошоците за пописот и процената ги утврдува судијата и определува кој ќе ги сноси овие трошоци.

Судот ракува со депозитите непосредно или преку депозитното место. За извршувањето на одделни дејствија поврзани со ракување со депозитите судот го презема предметот од депозитното место и при тоа соодветните дејствија се извршуваат истиот ден по приемот на предметот од депозитното место, за што се поднесува извештај.
Во наредбата се определува на депозитниот суд да му се достави извадок од состојбата на депозитот со сите потребни забелешки и др. податоци потребни за определување на трошоците.
Наредбата се издава и кога ќе дојде до измена на депозитниот суд, а депозитното место останува исто.
Судските депозити се издаваат врз основа на решение на депозитниот суд, кое е потпишано од претседателот на судот, односно овластениот судија чии потписи се депонирани во банката.
Ако предметот на судскиот депозит е таков што поради својот обем или особености не е погоден за чување во суд, тогаш тој се чува кај доверливи физички или правни лица кои се занимаваат со чување на такви предмети, врз основа на склучен договор во кои се определени правата и обврските за чување на судскиот депозит.

Издавањето на предметот на судскиот депозит застарува во рок од 10 години од предавањето на депозитот. За подигањето на судскиот депозит судот редовно, а најмалку еднаш годишно, го повикува лицето во чија корист е предаден предметот на депозит, или депонентот.
Ако корисникот на депозитот, или депонентот на покана од судот не го преземе депозитот, судот по истекот на рокот за застареност од десет години за издавањето, со решение утврдува дека правото за издавање на депозитот е застарено и дека предметот на депозитот станал приход на единката корисник на судската власт.

**Евиденција на судските депозити**

Судот води сметководство на депозитите на начин што обезбедува увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по одделни предмети. Заради евидентирање на предметите на средствата од депозит судот води посебна

евиденција. За примање и издавање на судските депозити од депозитната сметка се води следната евиденција:

- Дневник за привремени и редовни депозити;
- Картици по број на предмет од привремени и редовни депозити
- Картици по депонент од привремени и редовни депозити.

Евиденцијата на депозитите има карактер на јавна исправа. Дневникот и картиците од депозитната сметка на привремените и редовните депозити се водат заедно. За секој предмет по кој се врши уплата на депозит на депозитната сметка на судот се отвора нова аналитичка картица. Содржината на аналитичките картици од привремените и редовните депозити се утврдува врз основа на податоците од дневникот за привремени и редовни депозити.
Евидентирањето на судските депозити се врши согласно со сметководствените стандарди. На барање од судија поединец, претседател на совет или претседател на суд, судскиот службеник кој го води сметководството на депозитите е должен да изготви извештај за состојбата на одреден депозит. Извештајот се доставува до судијата, односно овластениот судски службеник во писарницата преку доставна книга, а приемот се потврдува со потпис на примачот.

По извршеното годишно заклучување на дневникот и аналитичките картици се презема состојбата на секој депозит и се изготвува биланс на состојбата на средствата на депозитите на крајот на годината и биланс на приходи и расходи. По составувањето на билансот на средствата на депозитите, претседателот на судот определува комисија од три члена за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите за претходната година. Комисијата по извршениот преглед составува писмен извештај кој го поднесува на претседателот на судот.
Билансот на средствата на депозитите се составува во рокот определен за изготвување на завршната сметка на средствата за редовна дејност. Документите и евиденцијата на депозитите се чуваат најмалку 20 години сметано од последниот ден на годината на која се однесуваат.

Надзор над работењето со средствата на депозитите врши претседателот на судот. Претседателот на судот е должен најмалку двапати годишно да изврши преглед на севкупното финансиско и материјално работење.

**Закон за кривичната постапка[3]**

**Определување на гаранцијата**

Судот на предлог на странките може да определи гаранција против лице за кое е донесена наредба за спроведување на истражна постапка ако оцени дека постои основано сомневање дека сторило кривично дело и кога постојат околности што:

- укажуваат на опасност од бегство или
- го оправдуваат стравот дека обвинетиот ќе го повтори или доврши кривичното дело или ќе го стори кривичното дело со кое се заканува.

Гаранција може да даде обвинетиот лично за себе, или за обвинетиот гаранција може да даде некое друго лице.
Висината на гаранцијата ја определува судот по службена должност и таа секогаш гласи на паричен износ што се определува со оглед на тежината на кривичното дело, личните и семејните прилики и имотната состојба на обвинетиот. Гаранцијата, по правило, се состои во полагање готови пари, хартии од вредност, скапоцености или други подвижни предмети од поголема вредност што лесно можат да се претворат во пари и да се чуваат, или во лична обврска на еден или повеќе граѓани дека во случаите на бегство, повторување, довршување или сторување на делото со кое се заканува обвинетиот ќе го платат утврдениот износ на гаранцијата.
По исклучок, гаранцијата може да се состои и во ставање хипотека за износот на гаранцијата на недвижни добра на лицето кое дава гаранција, кои лесно можат да се претворат во пари. Гаранцијата во готови пари се полага на посебна сметка на судот. При определувањето на гаранцијата судот може да определи една или повеќе мерки на претпазливост со кои се обезбедува присуството на обвинетиот.

Веќе определената висина на гаранцијата може да се промени во случај на проширување на истражната постапка, како и доколку во текот на постапката се дознаат дополнителни околности во однос на имотната состојба на обвинетиот, а кои влијаат врз определувањето на висината на гаранцијата.
Гаранцијата му се враќа на лицето кое ја положило ако е донесена ослободителна пресуда, ако обвинението се одбива или ако постапката е запрена. Ако со пресудата е изречена казна затвор, гаранцијата се укинува дури кога осудениот ќе почне да ја издржува казната. Положените средства и предмети се враќаат, а хипотеката се симнува.
Положената гаранција ќе пропадне и на обвинетиот ќе му се определи притвор ако:

- не дојде на уредно доставената покана и за тоа не го оправда изостанокот;
- побегне и

[3] „Службен Весник на РМ“ број 150 од 18.11.2010 година, и број 100 од 06.08.2012 година.

- го повтори или доврши кривичното дело или го стори кривичното дело со кое се заканува,

а со решение гаранцијата се уплаќа како приход во Буџетот на Република Македонија. Решение за гаранција донесува во текот на истражната постапка судијата на претходна постапка, а по потврдување на обвинителниот акт или поднесување на обвинителен предлог, решение за гаранцијата донесува Советот составен од тројца судии. Против решението за определување, укинување или пропаѓање на гаранцијата е дозволена жалба до непосредно повисокиот суд.
Кога во жалбата на решението со кое е определена мерката притвор обвинетиот поднел и предлог за определување на гаранција, судот надлежен за одлучување по жалбата е должен да одлучи и за гаранцијата.

## 3. Судски систем во Република Македонија

Основите за организација и надлежност на судовите, изборот и разрешувањето на судиите, нивните права и обврски, како и обезбедувањето на средствата за работа се уредуваат со Закон за судовите[4]
Во судскиот систем на Република Македонија судската власт ја вршат 27 Основни судови, 4 Апелациони судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија. Од аспект на финансирањето под поимот "Судска власт" се опфатени и Судскиот совет на Република Македонија и Академијата за обука на судии и јавни обвинители кои придонесуваат за извршувањето на судската функција во Република Македонија.
Основните судови се основаат за една или повеќе општини и нивната надлежност е да судат во прв степен, а може да бидат со основна и проширена надлежност. Основни судови со проширена надлежност на територија на Република Македонија има во градовите: Скопје, Битола, Прилеп, Охрид, Струга, Гостивар, Тетово, Куманово, Кочани, Велес, Струмица и Штип.
Во град Скопје има два основни судови и тоа: Основен суд Скопје I кој е кривичен суд со проширена надлежност, во кое има формирано специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на Република Македонија и Основен суд Скопје II кој е граѓански суд со проширена надлежност.
Апелационите судови се основаат за подрачјето на повеќе судови од прв степен, а нивното седиште е во градовите: Скопје, Битола, Гостивар и Штип. Нивната надлежност е да решаваат по жалби против одлуките на основните судови од своето подрачје, да решаваат за судир на надлежности меѓу судовите од прв степен од своето подрачје и други работи.
Управниот суд и Вишиот управен суд се основани за работа со предмети од управна

[4] „Службен Весник на РМ" број 58/2006, 35/2008, 150/2010, исправки 62/2006, одлуки за укинување на членови од Законот 61/2008, 118/2008, 16/2009, 39/2012).

материја со надлежност за целата територија на Република Македонија.

Врховниот суд е надлежен да решава во втор степен против одлуките на своите совети, во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, да решава по вонредни правни совети против правосилните одлуки на судовите и на своите совети, да решава судир на надлежности меѓу основните судови од различни апелациони подрачја, судир на надлежности меѓу Управниот суд и друг суд, меѓу Вишиот управен суд и друг суд и да решава за пренесување на месна надлежност кај овие судови.

Врховниот суд е надлежен за решавање на барања по основ на правото за судење во разумен рок, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Подетално судскиот систем во РМ е прикажан на следниот графикон.



**Министерство за правда**

Министерството за правда како орган на државната управа е надлежен за развивање на политиките, изготвување и предлагање на закони и други прописи од областа на правосудството, како и вршење надзор над спроведувањето на прописите во областите за кои е надлежен.
Покрај останатите надлежностите на Министерството, согласно Законот за судовите се и вршење на работите на правосудната управа, донесување на Судски деловник и надзор на примената над Судскиот деловник.
Во делокругот на правосудната управа спаѓа обезбедувањето на општите услови за вршење на судската власт, подготвување на закони и други прописи од областа на организацијата и работењето на судовите, донесување на судски деловник, обезбедување материјални, финансиски, безбедносни, просторни и други услови за работа на судовите, надзор над ажурното вршење на работите во судот и спроведување на судскиот деловник, надзор над спроведувањето на прописите за судски депозити и гаранции, како и други работи определени со закон.
Работи од делокругот на Министерството што се однесуваат на судството, јавното обвинителство, државното правобранителство, другите правосудни органи, адвокатурата и други видови на правна помош, наследувањето, сопственоста, стварните права и облигационите односи, амнестијата и помилувањето, кривичната, парничната и вонпарничната постапка, прекршоците, интелектуална сопственост и вештачење се вршат во Секторот за правосудство.

**Судскиот совет**

Судскиот совет на Република Македонија е самостоен и независен орган на судството. Постапката за избор на Судскиот совет, начинот на остварување на неговите функции, начинот на работа и одлучување се регулирани со Законот за Судски совет на Република Македонија[5].
За вршење на работите во врска со судскиот буџет се основа **Судски буџетски совет**. Судскиот буџетски совет ги врши работите определени со законот за Судски буџет, деловникот за работа на Судскиот буџетски совет и други акти. Судскиот буџетски совет ги има следите надлежности:

- ги утврдува критериумите и методологијата за изготвување на судскиот буџет;
- врши распределба на средствата од судскиот буџет на единките корисници и презема мерки за навремено извршување на судскиот буџет;
- одобрува средства за нови вработувања во единките корисници во рамките на утврдениот судски буџет за маса на исплата на плати;
- го назначува внатрешниот ревизор;

[5]„Службен весник на РМ“ бр. 60/06,150/10,100/11, 20/15 и 61/15“

- го донесува Деловникот за работа на Судскиот буџетски совет и другите внатрешни акти и формира помошни тела;
- го изготвува годишниот извештај за извршувањето на судскиот буџет;
- врши пренамена на намената на средствата определени во делот "Судска власт" и може да го овласти претседателот на Судскиот буџетски совет да врши пренамена на средствата определени во делот "Судска власт" до определен износ;
- централизирано спроведување на постапки за јавни набавки за единките корисници;
- врши други работи предвидени со закон.

Стручните и административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши стручната служба на Судскиот буџетски совет. Стручната служба се формира како внатрешна организациона единица на Судскиот совет на РМ.

**Европскиот суд за човекови права**

Европската конвенција за човекови права и основни слободи претставува Европска повелба на правата и слободите, додека Европскиот суд за човекови права во Стразбур има улога на највисок заштитник на човековите права и слободи. Европската конвенција за човекови права и основни слободи е ратификувана од 47 земји - членки на Советот на Европа меѓу кои и Република Македонија.

## II.ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈА

### 1. Цели на ревизијата

1.1. Ревизијата на успешност е спроведена со цел да се даде оценка за ефиканоста на управувањето со судските депозити и гаранции во Република Македонија, како и да даде придонес за зголемување на ефикасноста со цел подобрување на процесот на управување со судските депозити и гаранции преку утврдување на одредени слабости/недоречености во законската, подзаконската регулатива, надлежноста, финансирањето, кадровската екипираност, комуникацијата и соработка на институциите надлежни за управување со судските депозити и гаранции во РМ, како и мерките и активностите кои ги преземаат надлежните институции за подобрување на ефикасноста на процесот на управување со судските депозити и гаранции во во Република Македонија.

1.2. Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2015 година на тема: Ефикасноста на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија, со цел да дадеме одговор на прашањето “Дали надлежните институции во Република Македонија преземаат мерки и активности за ефикасно управување на процесот со судските депозити и гаранции.

1.3. Со Ревизијата на успешност опфатени се следните области:
- Законска регулатива;
- Постапка за прием на судските депозити и определување на гаранции;
- Евиденција на судските депозити и гаранции;
- Надлежност, ракување, чување и издавање на судските депозити и враќање на гаранции.

### 2. Опфат на ревизија

2.1. Со ревизијата на успешност беа опфатени следните субјекти:
- Министерство за правда;
- Судски совет на Република Македонија;
- Основен суд Скопје 1;
- Основен суд Скопје 2;
- Основен суд Велес;
- Основен суд Тетово;
- Основен суд Битола;
- Основен суд Охрид;

Доставени се прашалници до сите основни судови во РМ со цел утврдување на состојбата со судските депозити и гаранции во периодот 2013 – 2015 година, кои понатаму беа предмет на анализа и обработка.

2.2. Со ревизијата на успешност го опфативме период 2013 - 2015 година, а дадени се и состојби кои се случиле претходно и последователно.

## 3. Методологија

3.1. Ревизијата на успешност е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на ВРИ (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во РМ при вршењето на државната ревизија.

3.2. Ревизијата на успешност е независно испитување на ефикасноста и ефективноста на владините активности, програми или организации, со оправдана почит кон економијата и целта која води кон подобрувања.

3.3. Ревизијата на успешност преставува објективна и систематска проверка на докази со цел обезбедување на независна проценка на Ефикасноста на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија.

3.4. Заклучоците од оваа ревизија на успешност ќе придонесат за унапредување на ефикасноста на процесот на управување со судските депозити и гаранции, зголемување на функцијата на надлежните институции во РМ кои во иднина треба да продолжат со мерките и активностите за подобрување на процесот на управување со судските депозити и гаранции, што ќе придонесе за унапредување на целокупниот процес.

3.5. Кај оваа ревизија на успешност го следевме комбинираниот пристап и тоа: пристап насочен кон резултатите и проблемски ориентираниот пристап. Со следењето на пристапот ориентиран кон резултатите бевме насочени да утврдиме дали со имплементација на законските и подзаконските акти, донесените годишни програми, финансиски извештаи, евиденции, постапки и процедури се постигнати соодветни резултати за подобрување на ефикасноста на процесот на управување со судските депозити и гаранции.

Со следење на проблемски ориентиран пристап ги проверивме и анализираме причините за одредени проблеми со кои се соочуваат основните судови во Република Македонија.

3.6. Со цел добивање на релевантни и доволни ревизорски докази кои водат кон ревизорските наоди, заклучоци и препораки ги користевме следните техники на ревизија на успешност: увид во поткрепувачката документација, снимање на фактичката состојба кај субјектите, интервјуа и разговори, подготвени

испратени и добиени одговори на прашалници од надлежните институции, анализи и пресметки, споредување на состојбите со поставените критериуми, и други постапки кои имаат за цел да ги откријат причините за евентуалните разлики меѓу поставените критериуми и реалната состојба како и да дадат објективен одговор на поставената ревизорска цел.

3.7. Ревизијата на успешност е извршена во периодот од 27.07.2015 до 18.12.2015 година од тим на Државниот завод за ревизија.

3.8. Резултатите од спроведената ревизија на успешност беа презентирани на завршен состанок на ден 04.02.2016 година.

Од страна на раководните лица на Основен суд - Скопје 1, Основен суд – Велес и Министерството за Правда добиени се известување, забелешки и мислење на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека во најголем дел претставуваат образложенија на констатираните состојби во наведениот извештај.

3.9. Прелиминарните истражувања беа насочени кон повеќе области заради стекнување на знаења за Законска и подзаконска регулатива која го регулира процесот на управување со судските депозити и гаранции во РМ, Надлежност, финансирање, кадровска екипираност, комуникација и соработка на институциите надлежни за судските депозити и гаранции во Република Македонија, како и мерките и активностите кои ги преземаат надлежните институции за подобрување на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија.

Од прелиминарните истражувања произлегоа заклучоци по што ревизорскиот тим изработи Ревизорска програма која ги опфаќа активностите за обезбедување на доволно релевантни докази.

Од заклучоците кои произлегоа од прелиминарните истражувања, оценивме дека со продолжување на ревизијата на успешност ќе се даде придонес за ефективно спроведување на мерките и активностите кои ги преземаат надлежните инситуции со цел подобрување на ефикасноста на процесот на управување со судските депозити и гаранции во РМ.

## III. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

### 1. Законска регулатива

Во рамките на областа Законска регулатива ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со усогласеноста и примената на законската и подзаконската регулатива која се однесува на процесот на управување со судските депозити и гаранции во РМ, од кои произлегоја следните состојби:

1.1. Имајќи го во предвид делокругот на правосудната управа, согласно Законот за судовите, предвидено е Министерството за правда да врши надзор над спроведувањето на прописите за судските депозити и гаранции и врши надзор во врска со примената на Судскиот деловник.

Со извршената ревизија констатиравме дека Министерството за правда во периодот 2013 - 2015 година нема извршено надзор над спроведувањето на прописите за судските депозити и гаранции и на примената на судскиот деловник.

Вршењето на надзорот од страна на Министерството за правда ќе придонесе за поголема контрола во примената на судскиот деловник во спроведувањето на прописите за судските депозити и гаранции, како и утврдување на определени проблеми со кои се соочуваат основните судови во Република Македонија.

1.2. Со примена на Судскиот деловник се обезбдува уредно и навремено извршување на работите на судската управа, административното работење и други работи од значење за внатрешното работење на судовите. За непречена примена на судскиот деловник од страна на судовите во РМ, како и за неговото усогласување со законите, министерот за правда има обврска да формира комисија, која треба да е составена од 7 члена од кои еден судија од Врховниот суд на РМ (Претседавач на работното тело за стандардизација на постапките во судовите), член на Судскиот совет на РМ, судија од Виш управен суд, судија од Апелационен суд, судија од Основен суд и двајца претставници од Министерство за правда - претседавач и координатор на комисијата. Начинот на работата на комисијата се утврдува со деловник.

Во период 2013 - 2015 година министерот за правда нема формирано комисија, поради што постои отсуство на стручни мислења за примената на судскиот деловник и насоки за негово усогласување со законите.

Со формирањето на комисијата би се придонело за утврдување на определени недоречености, недостатоци, како и неусогласености на судскиот деловник со законската регулатива и во процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија.

1.3. Судскиот деловник предвидува претседателот на судот да врши редовен надзор над навременото и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно, а вонредно по потреба преку увид во работата на советите во судот, судија поединец, судскиот администратор и вработените во судската служба, преку увид во списите на предмет, одлуките на судот и одлуките на повисоките судови, донесени по поднесен правен лек, со преглед на уписниците, регистрите, роковникот на судии и роковникот на судските писарници со насрочени предмети, помошните книги, книгите за евиденција, увидот во податоците од автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети и на друг соодветен начин преку надзор на работата на судските писарници за кој надзор составува службена белешка.
Согласно член 368 од деловникот предвидено е претседателот на судот да врши надзор над материјално финансиското работење со средствата на депозитите и најмалку двапати годишно преглед на севкупното финансиско и материјално работење. Исто така во член 366 од Судскиот деловник предвидено е по составувањето на билансот на средствата на депозитите, претседателот на судот да определи комисија од три члена за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите за претходната година, која по извршениот преглед составува писмен извештај и истиот го поднесува на претседателот на судот..

Со увид во деловните книги, констатиравме дека во периодот 2013 - 2015 година претседателот на основниот суд Скопје 1, Скопје 2, Велес, Тетово, Битола и Охрид, нема извршено надзор над материјално финансиското работење со средствата на депозитите и преглед на севкупното финансиско и материјално работење.

Согласно Законот за судовите утврдени се обврските на претседателот на судот и тоа: организирање на работата и преземање на мерки за нејзино навремено и уредно вршење, обезбедување на примена на судскиот деловник, утврдување на распоред на работите на судот.
Имајќи во предвид дека во Законот за ЈВФК предвидено е надзорот над финансиското работење да се врши преку раководителите на единиците за финансиски прашања, ревизијата е на мислење дека предвидените обврски за вршење на надзор над материјално финансиското работење со средствата на депозитите и прегледот на севкупното финансиско и материјално работење од страна на претседателот на судот може да се врши со делегирање на надлежности или со формирање на комисии или работни тела.

1.4. Во Законот за кривичната постапка дефинирано е: определување на гаранцијата, менувањето на висината на гаранцијата, укинување и враќање на гаранцијата, пропаѓање на гаранцијата, жалба на решението на гаранцијата, но

во судскиот деловник не е детално утврдена постапката за прием, чувањето, евиденцијата и предавањето на гаранцијата.

За судските депозити во судскиот деловник е уредена постапката за прием, ракување, чување, евиденција, надзор и издавање.

Од причина што во наведените законски решенија не се дефинирани конкретно постапките за прием, ракување, чување, евиденција, надзор и издавање на гаранциите, потребно е нивно надополнување со активности кои треба да ги спроведуваат надлежните институции, со цел поголема ефикасност на процесот на управување со гаранциите во Република Македонија.

1.5. Во Судскиот деловник од 2007 година, кој е вон сила, беа предвидени повеќе обрасци за начинот на водење на судските депозити и за истите беше утврдена формата и содржината. Со донесувањето на новиот Судски деловник од 2013 година, за примањето и издавање на судските депозити од депозитната сметка предвидено е да се води Дневник, картици по број на предмет и Картици по депонент од привремени и редовни депозити, но не е пропишана формата и содржината на истите.

Со извршениот увид во начинот на нивното водење и евидентирање, како и од спроведените интервјуа констатиравме дека постои потреба од пропишување на формата и содржината на наведените обрасци, што ќе придонесе за унифицирање на начинот на водење на евиденцијата на судските депозити во основните судови и ќе обезбеди увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по поодделни предмети.

1.6. Постои неусогласеност во законската и подзаконската регулатива во дефинирањето на сопственоста на застарените депонирани предмети по истекот на десет години од нивното предавање.

Во член 307 од Законот за вонпарнична постапка предвидено е, ако лицето во чија корист е предаден предметот во депозит или депонентот, во рок од десет години од предавањето на предметот во судскиот депозит не го подигне депонираниот предмет, за што бил редовно повикуван, судот со решение ќе утврди дека депонираниот предмет станал сопственост на Република Македонија.

Во член 359 од Судскиот деловник предвидено е дека ако корисникот на депозитот или депонентот на покана на судот најмалку еднаш годишно не го преземе депозитот, судот по истекот на рокот за застареност од десет години за издавањето, со решение утврдува дека правото на издавање на депозитот е застарено и дека предметот на депозитот станал приход на единката корисник на судската власт.

Сметаме дека потребно е усогласување на подзаконската со законската регулатива во делот на утврдување на сопственоста на застарените депонирани предмети по истекот на законски предвидениот рок.

1.7. Согласно Судскиот деловник и Деловникот за работа на судскиот буџетски совет[6] внесувањето и обработката на податоците во врска со материјано финансиското и сметководственото работење во судската власт се врши автоматизирано со користење на соодветна апликација за автоматска обработка на податоците (АБМС).
Функционалностите на апликацијата и измената на истите ги дефинира Судскиот буџетски совет. Претседателот на Судскиот буџетски совет има обврска да формира Работно тело од редот на судските администратори и од редот на овластените сметководители во судската власт кое има обврска да врши стандардизација на постапките во системот, да дава предлози и барања за подобрување на системот за автоматска обработка на податоците во секој однос (технички, организациски, процедурален), ги следи измените на законските прописи и предлага соодветна имплементација во системот, ги анализира барањата на единките корисници на судската власт за потребните измени на апликацијата и друго.

Со увид во документацијата констатиравме дека почнувајќи од 2007 година со воведување на АБМС, претседателот на судскиот буџетски совет има донесено Одлука[7] за определување на тренери за обука за користење на автоматскиот систем за буџетски менаџмент со која се определни тренерите и судовите во кои е извршена обука за примената на овој систем.
И покрај наведената законска обврска, претседателот на Судскиот буџетски совет нема формирано работно тело за стандардизација на постапките во АБМС во делот на евиденцијата на судските депозити.

Имајќи ја во предвид потребата од унифицирани податоци во сите судови во РМ, сметаме дека со формирањето на работно тело ќе се изврши стандардизација на постапките во системот во судската власт, ќе се овозможи да се даваат предлози и барања за подобрување и усогласување со законските прописи, нивна имплементација во системот и ќе се врши анализа на барањата на единките корисници на судската власт за потребните измени на апликацијата за евиденција на судските депозити и гаранции во РМ.

[6] „Службен Весник на РМ“ 89 од 2014 година.
[7] Одлука број 02-763/4 од 19.10.2007 година.

## 2. Постапка за прием на судските депозити и определување на гаранции

Во рамките на оваа областа ревизијата имаше за цел да даде одговор на ревизорските прашања поврзани со постапката за прием на судските депозити и определувањето на гаранциите со цел да се утврдат проблемите со кој се соочуваат во основните судови во Република Македонија во процесот на управување со судските депозити и гаранции при што ги утврдиввме следните состојби:

2.1. Со извршената анализа на Судскиот деловник, констатиравме дека:

- овластениот судски службеник кој работи со судските депозити, податоците за уплатениот привремен судски депозит ги внесува во дневникот на привремени судски депозити, кои податоци ги превзема од добиениот извод од банката или од наредбата на судијата;
- доколку на депозитната сметка на судот има депониран редовен депозит за кој не е издадена наредба за депонирање од страна на судија поединец, претседател на совет или претседател на судот, тогаш овластениот судски службеник писмено го известува претседателот на судот, кој во рок од 5 (пет) дена од приемот на известувањето донесува наредба за понатамошно постапување со судскиот депозит. Ако се утврди дека за уплатениот депозит нема образуван предмет ниту предлог барање за депонирање на средства, претседателот на судот донесува наредба депонираниот износ да се врати на депонентот;

  Во основен суд Скопје 1 во јануари 2010 година извршена е уплата во износ од 17.542 илјади денари, за која во основниот суд нема образуван предмет ниту предлог - барање за депонирање на средства и истите до денот на ревизијата не се вратени на депонентот;
- за подигањето на судскиот депозит судот редовно, а најмалку еднаш годишно го повикува лицето во чија корист е предаден предметот на депозит. Ако корисникот не го преземе депозитот, судот по истекот на рокот за застареност од десет години за издавањето, со решение утврдува дека правото е застарено и дека предметот на депозитот станал приход на единката корисник на судската власт.

Со увид во сметководствената документација во основните судови Скопје 1, Скопје 2, Велес, Тетово, Битола и Охрид, ревизијата утврди дека за секоја уплата на депозитната сметка не се доставува наредбата за депонирање на средства како основ за евидентирање. Исто така констатиравме дека не се повикува лицето во чија корист е предаден предметот на депозит најмалку еднаш годишно.

Сметаме дека со навремено доставување на наредбите во моментот на уплата на судските депозити до сметководството или до овластениот судски службеник, ќе има можност навремено да се извести претседателот на судот во случаите кога ќе се

утврди дека за уплатениот депозит нема образуван предмет ниту предлог барање за депонирање на средства, со цел претседателот на судот да донесе наредба за понатамошно постапување со судскиот депозит, како и да иницира навремено доставување на покана за подигањето на судскиот депозит на лицето во чија корист е предаден предметот на депозит, или покана на депонентот.

2.2. Од извршениот увид во основните судови ревизијата утврди дека основните судови немаат отворено посебни сметки за уплата на средствата по основ на гаранции (денарски и девизни), што не е во согласност со член 150 од Законот за кривичната постапка, во кој е регулирано дека гаранцијата во готови пари треба да се уплаќа на посебна сметка на Судот.
Средствата добиени во готови пари по основ на гаранција во основниот суд Скопје 1 се депонираат во НБРМ, а во основните судови Велес, Тетово, Битола и Охрид се чуваат во благајната на судот.

Во текот на 2015 година НБРМ доставила Барање[8] до Основен суд Скопје 1 за отворање на сметки, во кое се укажува на:
- потреба од депонирање на гаранции во ефективни домашни пари, да се врши со уплаќање на денарските сметки на Судот, кои се водат во рамките на Трезорската сметка при МФ како посебен носител на платниот промет за буџетските корисници и единките корисници;
- доколку станува збор за депонирање на гаранции во ефективни странски пари (девизни средства), потребно е судот да отвори девизна сметка во НБРМ, во согласност со член 26 и 26-а од Законот за девизно работење.

Во текот на 2015 година склучен е договор[9] за отварање девизна сметка помеѓу НБРМ и Основен суд Скопје 1 со цел регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со начинот на отворање, работење и затворање девизна сметка на правното лице за депонирање на гаранции во ефективни странски пари (девизни средства).

Во основен суд Скопје 1 на депозитната сметка освен уплати по основ на привремени и редовни депозити, во април 2009 година и јуни 2015 година извршена е уплата по основ на гаранции во вкупен износ од 16.700 илјади денари, како гаранција за укинување на мерка притвор против обвинети лица по решенија од истражен судија/судија на претходна постапка, што не е во согласност со член 150 од Законот за кривична постапка според кој гаранцијата во готови пари се полага на посебна сметка на Судот;
Отворањето на сметките (денарска и девизна), согласно Упатството за трезорско работење од страна на основните судови во РМ, ќе овозможи целосна евиденција и

[8]Барање за отворање на сметка број 03 су 18/115 од 27.02.2015 година
[9]Договор број 03 су 439/2015 од 26.05.2015 година

контрола на паричните средства добиени по основ на гаранции како и поголема безбедност на овие средствата кои што физички се предаваат во трезорот на НБРМ или се чуваат во благајните на основните судови во Република Македонија.

2.3. Од извршениот увид во документацијата за судските депозити и гаранции во основен суд Скопје 1 и Скопје 2 ревизијата утврди дека согласно Законот за судовите од 2006 година, извршена е поделба на стварната и месната надлежност на судовите, поради што во мај 2007 година извршено е примопредавања/исплата на паричните средства од депозитите во износ од 75.002 илјади денари на сметка од основен суд Скопје 1 на основен суд Скопје 2. Депонираните средства на сметката на Судски депозит на основен суд Скопје 1 се уплатени по различни основи во граѓанска постапка.
За извршеното примопредавање изготвен е Записник[10] од Комисијата со кој е констатирано дека според дневникот на евиденција/компјутерска евиденција на судските депозити салдото изнесува 79.513 илјади денари, а сладото на сметката заклучно со последниот извод на примопредавање на 22.05.2007 година изнесува 75.002 илјади денари, односно постои разлика од 4.511 илјади денари.
Констатиравме дека на ден 31.12.2014 година салдото по овој основ изнесува 26.049 илјади денари.

Комисијата дала предлог двете благајни да продолжат со усогласување на компјутерската евиденција на примените депозити од основен суд Скопје 1, како и заедничка проверка од двете благајни при реализација на пристигнатите решенија за исплата, а кои се однесуваат на судските депозити што влегуваат во пренесеното салдо. Усогласувањето требало да се изврши во период од 3 месеци, а доколку се укаже потреба и понатаму.
Констатиравме дека Комисијата не извршила усогласување на компјутерската евиденција со книговодствената евиденција како и не ја утврдила причината за разликата на износот од 4.511 илјади денари. Исто така комисијата не извршила примопредавање на сите наредби за уплатените депозити во основен суд Скопје 1, поради што не постои целосна евиденција за сите депонентите на средствата на оваа сметка.

Ваквата состојба укажува дека е потребно да се направи попис на наведените предметите, да се утврдат причините за констатираната разлика со цел да се утврди дали пренесеното салдо за уплатените депозити по предметите од основен суд Скопје 1, ќе одговара на средствата потребни за исплата на судските депозити во наредниот период.

[10] Записник 03.СУ број 939/2007 од 01.06.2007 година.

## 3. Евиденција на судските депозити и гаранции

Во рамките на оваа областа ревизијата имаше за цел да даде одговор на ревизорските прашања поврзани со евиденцијата на судските депозити и гаранции, како и да се утврди дали основните судови располагаат со целосна и ажурна евиденција и дали нивното евидентирање се врши согласно законската регулатива, при што ги утврдивме следните состојби:

3.1. Внесувањето и обработката на податоците во врска со материјано финансиското и сметководственото работење во судската власт треба да се врши автоматизирано со користење на соодветна апликација за автоматска обработка на податоците.
Согласно член 360 и 361 од Судскиот деловник судот треба да води сметководство на депозитите на начин што обезбедува увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по одделни предмети. Исто така, заради евидентирање на предметите на средствата од депозит, судот треба да води и посебна евиденција. За примање и издавање на судските депозити од депозитната сметка треба да се води дневник за привремени и редовни депозити, картици по број на предмет од привремени и редовни депозити и картици по депонент од привремени и редовни депозити.

Од доставениот преглед од страна на Судски буџетски совет, констатиравме дека 78% од основните судови во РМ односно 21 суд, пристапиле во модулот за финансико работење и извршиле внес на податоци на депозитната сметка. Од извршениот увид во основните судови Скопје 1, Скопје 2, Велес, Тетово, Битола и Охрид, во врска со користењето на автоматизираниот буџетски менаџмент систем АБМС, ревизијата ја утврди следната состојба:

- **Основен суд Скопје 1** го користи за евидентирање на уплати и исплати од депозитната сметка, но не се води картица по број на предмет и картица по депонент од привремени и редовни депозити;
- **Основен суд Скопје 2** нема пристапено кон модулот за финансиско работење, и за евиденција на судските депозити користи посебен сметководствен програм, во кој се води картица по депонент од привремени и редовни депозити, но не се води картица по број на предмет.
  За преземените предмети од страна на основен суд Скопје 1 во текот на 2007 година не се води картица по депонент, се води само збирно на аналитичка картица за основен суд Скопје 1;
- **Основен суд Велес** го користи на крајот на годината за евидентирање на завршните книжења по основ на исплати и уплати со цел изработка на заклучен/бруто биланс и изработка на завршна сметка. Картиците по

депонент од привремени и редовни депозити, се водат рачно, и не се води картица по број на предмет;

- **Основен суд Тетово** го користи за евиденција на уплати и исплати во текот на годината на средствата од депозитната сметка, картиците по депонент од привремени и редовни депозити, се водат рачно, и не се води картица по број на предмет;
- **Основен суд Битола** го користи за евиденција на уплати и исплати во текот на годината на средствата од депозитната сметка, картиците по депонент од привремени и редовни депозити, се водат на посебен софтвер, и не се води картица по број на предмет;
- **Основен суд Охрид** го користи за евиденција на уплати и исплати во текот на годината на средствата на депозитната сметка, како и за водење на картици по депоненти, но не се води картица по број на предмет.

Исто така ревизијата достави прашалници до основните судови во РМ, со цел добивање на податоци за состојбата со евидентираните судски депозити и ја утврди следната состојба:

- Од вкупно 27 основни судови, 23 или 85% од судовите располагаат со судски депозити;
- Постои тренд на зголемување на судските депозити во периодот 2013 – 2015 година, а износот на евидентираните судски депозити во РМ по години изнесува:
  - 2013 година 208.136 илјади денари,
  - 2014 година 275.446 илјади денари и
  - заклучно со 30.09.2015 година изнесува 289.801 илјади денари.

Подетално износот на судските депозити по години во основните судови во Република Македонија е прикажан во Прилог 1 од овој извештај.

Поради нецелосното користење на автоматизираниот буџетски менаџмент систем АБМС, во врска со материјано финансиското и сметководственото работење, не е овозможена точна, сеопфатна, ажурна, целосна, хронолошка евиденција на судските дезпозити во основните судови во Република Македонија.

3.2. По извршеното годишно заклучување на дневникот и аналитичките картици, согласно Судскиот деловник предвидено е да се презема состојбата на секој депозит и да се изготви биланс на состојбата на средствата на депозитите на крајот на годината и биланс на приходи и расходи. По составувањето на билансот на средствата на депозитите, претседателот на судот треба да определи комисија од три члена за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите за претходната година. Комисијата по извршениот

преглед треба да состави писмен извештај, кој го поднесува на претседателот на судот.

Со извршената ревизија констатиравме дека во основните судови во РМ во периодот 2013 - 2015 година не е формирана комисија за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите и не е извршен преглед на работење на средствата со депозитите.

Во текот на вршењето на ревизијата претседателот на Основен суд Охрид донесе Решение[11] за формирање на комисија за вршење на преглед на вкупното работење на средствата за депозити, која по извршениот преглед треба да состави писмен извештај и да го поднесе до претседателот на судот. Извештајот треба да биде изготвен најдоцна до 31 јануари во тековната година, а треба да се однесува за претходната година;

Формирањето на оваа комисија и нејзините активности ќе придонесат за поголема контрола на работењето со средствата од депозитите и ќе овозможи навремено известување на претседателот на основниот суд за состојбата со истите, со цел преземање на мерки и активности за надминување на определени состојби.

3.3. Согласно член 255 од Судскиот деловник предвидено е судот да води електронско досие, со внесување на податоци на соодветни обрасци. Во член 275 од Судскиот деловник предвидено е предметите употребени или наменети за извршување на кривично дело, или што настанале со извршување на кривично дело или се добиени како награда за кривичното дело, кои ќе послужат како доказ во кривичната постапка, или се пронајдени кај обвинетиот и не се знае на кого припаѓаат (сомнителни предмети), како и гаранциите да се заведуваат во книгата за одземени предмети.

Од извршениот увид во евиденцијата на основните судови Скопје 1, Битола, Охрид и Тетово, ревизијата констатира дека не се води електронско досие со внесување на податоци на соодветни обрасци, а со увид во уписниците ја утврди следната состојба:

- нема воспоставено целосна евиденција на дадените гаранции;
- во уписникот за гаранции се евидентираат само готовите пари дадени во судот од страна на лицето кој ја дава гаранцијата, додека проценетата вредност на недвижностите ставени под хипотека, кои се дел од вкупната вредност на гаранцијата во предметите, не се евидентира;
- дадените хипотеки како гаранции (кога нема готови пари) воопшто не се евидентираат во Уписникот;

[11]Решение Су 03 број 282/15 од 09.12.2015 година,

- уписникот не ја дава реалната слика за износот на гаранциите по секој предмет одделно, ниту пак може со сигурност да се утврди бројот на предметите и вредноста на гаранциите и
- во Уписникот за гаранции се евидентираат и одземените предмети;

Имајќи во предвид дека за евиденција на гаранции и одземени предмети, предвидени се два посебни обрасци, ревизијата смета дека потребно е да се води посебна евиденција за гаранциите во основните судови, која ќе ги опфати сите видови на предмети кои се полагаат како гаранции со цел да се добие реална и целосна состојба за гаранциите во основните судови во Република Македонија.

3.4. Работите со судските депозити, односно нивниот прием, ракување, чување, евиденција, надзор и издавање потребно е да ги врши овластен судски службеник. Во основните судови утврдивме дека не се издадени решенија за овластен судски службеник кој работи со судските депозити.

Со извршениот увид во начинот на вршење на работите со судските депозити како и во правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места ревизијата утврди дека во Основен суд Скопје 1 водењето на работите со судските депозити ги извршува самостоен судски референт-сметководител. Во Основен суд Скопје 2 работите околу судските депозити се извршуваат од страна на раководителот на одделението за материјално финансиско работење. Во Основен суд Велес водењето на работите со судските депозити е предвидено во рамките на работните задолженија и обврски на работно место виш судски референт - благајник и истото лице ги води судските депозити. Понатаму, во Основен суд Тетово водењето на работите со судските депозити ги врши службеник определен на работно место помлад референт за односи со јавноста. Во Основен суд Битола и во Основен суд Охрид водењето на работите со судските депозити, е предвидено во рамките на работните задолженија и обврски на работно место виш судски референт - благајник и истите лица ги водат судските депозити. Истакнуваме дека во текот на вршењето на ревизијата со решение[12] од страна на претседателот на судот во Охрид е определено овластено лице за работа со судските депозити.

Согласно погоре наведените состојби констатиравме дека во поголем број судови во РМ не е определен овластен судски службеник за работа со судските депозити и гаранции, што влијае врз ефикасноста на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија.

[12]Решение суд Охрид СУ. 07 број 280/15 од 09.12.2015..

3.5. Согласно член 329 од Судскиот деловник материјално финансиското работење го опфаќа работењето на судовите со буџетските и вонбуџетските средства, што подразбира дека судовите се должни да водат сметководство и да изготвуваат финансиски извештаи и за средствата добиени по основ на гаранции.

Од извршениот увид во сметководствената евиденција на основните судови ревизијата утврди дека истите не водат сметководствена евиденција и износите на средствата по основ на гаранции не се дел од позициите на финанските извештаи. Поради наведената состојба не е овозможена целосна евиденција, увид и контрола на средствата со кои располагаат судовите по основ на гаранции, а финанските извештаи не обезбедуваат целосни и точни податоци.

## 4. Надлежност, ракување, чување и издавање на судските депозити и враќање на гаранции

Во рамките на оваа областа ревизијата имаше за цел да даде одговор на прашањата поврзани со начинот на ракување, чување и издавање на судските депозити и враќање на гаранциите од страна на надлежните институции како и примена на мерката гаранција во основните судови, при што ги утврдивме следните состојби:

4.1. Со цел да се осознае состојбата со кадровската екипираност во институциите надлежни за развивање на политиките, изготвување и предлагање на закони и други прописи од областа на правосудството, вршење на надзор над спроведувањето на истите, како и нивно доследно применување, ревизијата направи анализи по институции, изврши увид во правилниците за систематизација и организација и направи споредба на предвидените со пополнетите работните места при што ги утврди следните состојби:

- **Министерството за правда** - во рамките на сектор за правосудство кој е надлежен за вршење на работите кои се однесуваат на судството, јавното обвинителство, државното правобранителство, адвокатурата и другите правосудни органи, како и нормативата која се однесува на овие области, предвидени се 36 работни места, од кои пополнети се 17 или 43%, Работните места раководител и помошник раководител на Секторот не се пополнети;
- **Судски буџетски совет** - согласно актот за систематизација и организација на работните места предвидени се 35 работни места од кои пополнети се 9 или 26%;
- **Основен суд Скопје 1** - во рамките на одделението за финансиско материјално работење предвидени се 6 работни места од кои пополнети се 3 или 50%, а работното место раководител на одделението не е пополнето;

- **Основен суд Скопје 2** - во рамките на одделението за финансиско материјално работење предвидени се 4 работни места кои се пополнети;
- **Основен суд Велес** - во рамките на одделението за финансиско материјално работење предвидени е 4 работни места од кои пополнети се 2 или 50%, додека работното место раководител на одделение не е пополнето;
- **Основен суд Тетово** - во рамките на одделението за финансиско материјално работење предвидени се 4 работни места кои се пополнети;
- **Основен суд Битола** - во рамките на одделението за финансиско материјално работење предвидени се 4 работни места од кои пополнети се 2 или 50%, а работното место раководител на одделение не е пополнето;
- **Основен суд Охрид** - во рамките на одделението за финансиско материјално работење предивдени се 5 работни места од кои пополнети се 2 или 40%, а работното место раководител на одделение не е пополнето;




Пополнувањето на работните места согласно донесените правилници за систематизација и организација на работни места во наведените институции ќе придонесе за квалитетно и навремено извршување на целокупните работни обврски како и поголема ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија.

4.2. Законот за кривичната постапка предвидува гаранцијата да му се враќа на лицето кое ја депонирало, доколку е донесена ослободителна пресуда, ако обвинението се одбива или ако постапката е запрена. Ако со пресудата е изречена казна затвор, гаранцијата се укинува дури кога осудениот ќе почне да ја издржува казната. Положените средства и предмети се враќаат, а хипотеката

се симнува. Положената гаранција ќе пропадне и на обвинетиот ќе му се определи притвор, во следните случаи:

- не дојде на уредно доставената покана и за тоа не го оправда изостанокот;
- побегне и
- го повтори или доврши кривичното дело или го стори кривичното дело со кое се заканува.

Во случаи кога положената гаранција пропаѓа, со решение ќе се одлучи вредноста дадена како гаранција да се внесе како приход во Буџетот на Република Македонија. Исто така согласно член 359 од судскиот деловник издавањето на предметот на судскиот депозит застарува во рок од 10 години од предавањето на депозитот.

Од извршениот увид во основните судови Скопје 1, Скопје 2, Велес, Тетово, Битола и Охрид, ревизијата ја утврди следната состојба:

- основните судови немаат уплатени средства по основ на судски депозити како приход во Буџетот на Република Македонија и покрај фактот што имаат уплати за судски депозити по завршени/незавршени предмети постари од 10 години;
- во основен суд Охрид извршена е уплата на средства по основ на пропаднати гаранции во износ од 87 илјади денари кои се уплатени во Буџетот на РМ со решение во текот на 2012 година, средства во износ од 10 илјади евра кои се уплатени во Агенцијата за управување со одземен имот во текот на 2012 година, и во текот на 2015 година со решение хипотеката дадена како гаранција со проценета вредност од 12.866 илјади денари е впишана како сопственост на Република Македонија.

Согласно наведените состојби, потребно е основните судови да извршат попис со цел да се утврди староснатa структура на уплатените судски депозити, како и да се утврди дали се исполнети условите за нивната застареност, со цел истите да бидат уплатени во Буџет на Република Македонија.

4.3. Согласно член 353 од судскиот деловник судските депозити се издаваат врз основа на решение на депозитниот суд, кој го потпишува претседателот на судот, односно овластениот судија чии потписи се депонирани во банката.

Со извршениот увид во основните судови Скопје 1, Скопје 2, Велес, Тетово, Битола и Охрид, ревизијата утврди дека судските депозити се издаваат врз основа на решение кое е потпишано од судиите задолжени по поединечните предмети, а не од претседателот на судот односно од овластениот судија чии потписи се депонирани во банката. Во основен суд Охрид дел од судските депозити се издаваат врз основа

на рачна белешка за исплата на судски депозити, изработена од судиите по поединечните предмети.

Наведените состојби упатувааат на потребата решенијата врз основа на кои се издаваат судските депозити да бидат потпишани и од страна на претседателот на судот или овластениот судија чии потписи се депонирани во банката, со што би се овозможила контрола и транспарентност при повратот на средствата, што ќе придонесе за поголема ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија.

4.4. Пописните комисии во основните судови немаат извршено попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на побарувањата и обврските по основ на судските депозити, преку потврдување на причините за неизмирените обврски спрема депонентите на судските депозити со проверка на документација за уплатените и исплатените судски депозити.

Ваквата состојба не е во согласност со член 19 и 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29 и 31 в од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, во кои се пропишани обврските за вреднување на билансните позиции и спроведување на пописот. Неизвршениот попис влијае на реалното и објективно искажување на податоците за судските депозити во основните судови во Република Македонија.
Основен суд Велес во текот на врешењето на ревизијата изработи Преглед[13] на отворени судски депозити по години за перидот 2003 - 2014 година со утврден број на предмет, статус на предметот, старосна структура на уплатените судски депозити, како и со укажување дека предметите по кои на депозитната сметка се депонирани парични средства се веќе доставени на судиите заради нивно понатамошно постапување.

Ревизијата смета дека е потребно основните судови да извршат попис на судските депозити со цел утврдување на старосна структура, статусот на предметите по овие депозити завршен/незавршен заради предлагање на мерки и активности за постапување. Резултатите односно податоците од извршениот попис би се искористиле за преземање на мерки за покана на депонентите за враќање на судскиот депозит, или уплата на средствата по основ на судски депозити во Буџетот на РМ доколку се утврди дека постојат судските депозити кои се постари од 10 години од денот на нивното предавање.

4.5. Согласно Законот за кривичната постапка мерките кои можат да се преземат спрема обвинетиот за обезбедување на негово присуство и за непречено водење

[13]Преглед на отворени депозити број СУ-03. Број 933/15 од 18.12.2015 година

на кривичната постапка се покана, мерки на претпазливост, гаранција, приведување, лишување од слобода, задржување, краткотраен притвор, куќен притвор и притвор. При одлучувањето која од наведените мерки ќе ја примени, надлежниот орган ќе се придржува кон условите определени за примена на одделни мерки, водејќи сметка да не се применува потешка мерка ако истата цел може да се постигне со поблага мерка.

Имајќи во предвид дека гаранцијата, во пракса најчесто се користи како замена за мерката притвор, ревизијата направи споредба во однос на изрекување на овие две мерки за обезбедување на присуство на обвинетиот и ја утврди следната состојба.




Издржувањето на мерката притвор во затворските установи предизвикува соодветни финансиски трошоци, како и фискални импликации во Буџетот на РМ кои вклучуваат во одредени случаи и значителни суми на име надомест на штета за неосновано лишување од слобода.

Примената на мерката гаранцијата, во случаите во кои судот ќе утврди дека постојат можности за нејзина примена, како мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот е поекономична мерка и со нејзина поширока примена, би се направиле заштеди во Буџетот на РМ, како и би се заштитиле основните права на човекот загарантирани со Уставот на Република Македонија, почитувајќи го принципот на презумпција на невиност.

Исто така, ревизијата достави прашалници до 27 основни судови во Република Македонија со цел добивање на податоци за состојбата со користењето на мерката гаранција и утврди дека од вкупно 27 основни судови мерката гаранција се користи во 7 основни судови. Подетално бројот на предмети во кои е применета мерката гаранција во основните судови е прикажана на следниот графикон.




4.6. Советот на Европа е меѓународна организација чија основна цел е заштитата на човековите права и основни слободи, како и заштита и унапредување на демократските вредности на државите членки, меѓу кои е и РМ од 1995 година.

За таа цел Советот на Европа има донесено многу значајни меѓународни документи како што се декларации, конвенции и препораки кои имаат обврзувачко дејство врз државите членки.
Од најголемо значење е донесувањето на Европската Конвенција за заштита на човековите права и слободи од 1950 година, која што обезбедува взаемна база на политички традиции, идеали слободи и права и обезбедување на владеењето на правото.
Членот 5 од оваа Конвенција се однесува на заштита на едно од основните и најважните права на човекот во демократските општества, односно се гарантира слободата на движење на лицата и неможноста за нивно арбитрерно лишување од слобода.
Исто така овој член се однесува на тоа дека органите кои го лишиле лицето од слобода, треба да ја преиспитаат можноста лицето да биде пуштено да се брани од слобода, со давање на гаранции.
Европскиот суд за човекови права, е основан со Конвенцијата и ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки. Врз основа на конвенцијата, поединци можат да поднесат жалба пред Судот во Стразбур за повреди на човековите права откако ќе бидат исцрпени сите средства кои постојат во засегната држава членка.

Европски суд за човекови права застапува гледиште со кое мерката гаранција би требало да се применува почесто, односно слободата на лицата треба да се ограничува само во исклучителни ситуации, применувајќи ја мерката притвор.

Имено согласно Законот за кривичната постапка, во образложението на решението за притвор задолжително се бара да се наведуваат сите факти и докази од кои произлегува основаното сомневање дека обвинетиот го сторил кривичносо дело, и причините поради кои судот смета дека целта на притворот не може да се оствари со некоја друга мерка за обезбедување на присуство.

Ваквата состојба укажува на примена на мерката гаранцијата како мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот, се со цел поголема заштита на човековите права и основни слободи, во случаите во кои судот ќе утврди дека постојат можности за нејзина примена .

## IV. ЗАКЛУЧОК

Со извршената ревизија, констатирани се состојби кои имаат влијание на ефикасноста на преземените мерки и активности во однос на ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија. Неоспорувајќи ги активностите кои се преземени од страна на надлежните институции во процесот на управување со судските депозити и гаранции, постои потреба од преземање на дополнителни мерки и активности за воспоставување на целосна евиденција, управување со депозитите и гаранции на начин кој ќе овозможи точни и навремени податоци за видот, износот, старосната структура на судските депозити и гаранции и уплата на истите во Буџетот на РМ, по истекот на законски предвидениот рок. Координација на сите институции вклучени во процесот, усогласување на законската и подзаконската регулатива, кадровска екипираност, како и примена на мерката гаранција во основните судови во Република Македонија во случаите во кои судот ќе утврди дека постојат можности за нејзина примена ќе придонесе за воспоставување на ефикасен систем на управување со судските депозити и гаранции во основните судови во Република Македонија.

## V. ПРЕПОРАКИ

**Министерството за правда**

Одговорните лица да преземат мерки и активности за:

1. Вршење на надзор над спроведувањето на прописите за судските депозити и гаранции и надзор во врска со примената на Судскиот деловник, со цел поголема контрола во примената на судскиот деловник во спроведувањето на прописите за судските депозити и гаранции, како и утврдување на определени проблеми со кои се соочуваат основните судови во Република Македонија;

2. Формирање на комисија, за стручни мислења за примената на судскиот деловник и неговото усогласување со законите, со цел утврдување на определени недоречености, недостатоци, како и неусогласености на судскиот деловник со законската регулатива, во процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија;

3. Детално уредување на постапката за прием, чувањето, евиденцијата и предавањето на гаранцијата;

4. Дефинирање на обрасците за начинот на водење на судските депозити како што се дневник, картици по број на предмет и картици по депонент од привремени и редовни депозити, со цел унифицирање на начинот на водење на сметководството на судските депозити во судовите што ќе обезбеди увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по пооделни предмети;

5. Усогласување на законската и подзаконската регулатива во дефинирањето на сопственоста на застарените депонирани предмети по истекот на десет години од нивното предавање, како и редовна покана најмалку еднаш годишно на лицето за преземање на депозитот од страна на основните судови во Република Македонија;

**Судски совет - Судски буџетски совет**

6. Одговорните лица да преземат мерки и активности за формирање на работно тело од редот на судските администратори и овластените сметководители во судската власт кое ќе има обврска да врши стандардизација на постапките во системот, да дава предлози и барања за подобрување на системот за автоматска обработка на податоците во секој однос (технички, организациски, процедурален), ќе ги следи измените на законските прописи и ќе предлага соодветна имплементација во системот и ќе ги анализира барањата на единките корисници на судската власт за потребните измени на апликацијата;

**Основните судови во Република Македонија**

Одговорните лица да преземат мерки и активности за:

7. Вршење на надзор над материјално финансиското работење со средствата на депозитите и преглед на севкупното финансиско и материјално работење, преку делегирање на надлежности или со формирање на комисии, тела итн;

8. Навремено доставување на наредбите за уплата на судските депозити до сметководството или овластениот судски службеник, известување на претседателот на судот во случаите кога ќе се утврди дека за уплатениот депозит нема образуван предмет и иницирање на навремено доставување на покана за подигањето на судскиот депозит на лицето во чија корист е предаден предметот на депозит;

9. Отворањето на сметките (денарска и девизна) за средствата добиени по основ на гаранции, со што ќе се овозможи целосна евиденција и контрола и поголема безбедност на овие средствата;

10. Составување и изготвување на финансиски извештаи за средствата по основ на гаранции, со што ќе се овозможи целосна евиденција, увид и контрола на средствата по основ на гаранции;

11. Да продолжат отпочнатите активности за усогласување на компјутерската евиденција на примените депозити од основен суд Скопје 1 во Основен суд Скопје 2, утврдување на причините за констатираната разлика, како и евиденцијата во благајните на основните судови;

12. Внесувањето и обработката на податоците да се врши во апликацијата за автоматска обработка на податоците АБМС, со цел точна, сеопфатна, ажурна, целосна и хронолошка евиденција на судските депозити;

13. Формирање на комисија за вршење на преглед на вкупното работење на средствата за депозити, со што ќе се придонесе за поголема контрола на работењето на средствата со депозитите;

14. Водење на посебна евиденција за гаранциите во основните судови, која ќе ги опфати сите видови на предмети кои се полагаат како гаранции со цел да се добие реална и целосна состојба за гаранциите во основните судови во Република Македонија;

15. Определувањето на овластен судски службеник за работа со судските депозити и гаранции со цел поголема ефикасност во процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија;

16. Пополнувањето на работните места согласно донесените правилници за систематизација и организација на работни места во наведените институции со цел квалитетно и навремено извршување на работните обврски и поголема ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија;

17. Спроведување на попис на судските депозити со цел утврдување на старосна структура, статусот на предметите по овие депозити завршен/незавршен со цел преземање на мерки и активности за утврдување на состојбата на истите, покана на депонентите за враќање на судскиот депозит, или уплата на средствата по основ на судски депозити во Буџетот на Република Македонија;

18. Воспоставување на систем со кој Решенијата за судските депозити ќе се верифицираат и од страна на претседателот на судот или овластениот судија чии потписи се депонирани во банката со што ќе се овозможи поголема ефикасност на процесот на управување со судските депозити во Република Македонија.

Република Македонија
Министерство за правда

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 03.05.2016
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 09 | -298 | /13 | |

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Бр. 08-1666/2
Скопје, 27.04.2016 год.

Влада на Република Македонија
Министерство за правда
Ул. Димитрие Чуповски бр.9
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3116-123 л. 223
Фах. (02) 3226 - 975
Сајт: www.pravda.gov.mk
Е-маил
cabinet@mjustice.gov.mk

ДО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

С К О П Ј Е

**ПРЕДМЕТ:** Мислење по Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност

**ВРСКА:** Ваш број: 09-298/2 од 23.03.2016 година

Министерството за правда согласно доставениот Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност „Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија, го дава следното

## М И С Л Е Њ Е

Министерството за правда согласно законските надлежности го разгледа доставениот Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност, изготвен преку комбиниран пристап, пристап насочен кон резултатите и проблемски ориентиран пристап, а со цел да се даде оценка за ефикасноста на управувањето со судските депозити и гаранции во Република Македонија.

Со нацрт извештајот биле констатирани одредени состојби во процесот на управување на судските депозити и гаранции, односно била утврдена и потребата за преземање на дополнителни мерки, активности и координација од страна на институциите вклучени во овој процес, усогласување на законската и подзаконската регулатива, кадровската екипираност на институциите и примена на мерката гаранција. На крајот од извештајот овластениот државен ревизор дал препораки насочени кон надлежните институции, во функција на подобрување и унапредување на процесот.

Со ревизијата на успешност за периодот 2013-2015 година, односно пред 2013 година до денот на извршената ревизија биле опфатени: Министерството за правда, Судскиот совет на Република Македонија, основните судови во Скопје (Скопје 1 и Скопје 2), Велес, Тетово, Битола и Охрид.

Ревизијата на успешност била извршена во следните области: 1. законската регулатива, 2. постапката за прием на судските депозити и определување на гаранции, 3. евиденција на судските депозити и гаранции и 4. надлежност, ракување, чување и издавање на судските депозити и враќање на гаранциите.

Од извршените прелиминарни истражувања на ревизорскиот тим биле изведени ревизорски наоди.

Во однос на точката 1 која се однесува на законската регулатива, една од забелешките на ревизорскиот тим се однесува на неизвршен надзор на Министерството за правда над спроведувањето на прописите за судските депозити, гаранции и примената на судскиот деловник.

Работите на правосудната управа согласно членот 82 од Законот за судовите ги врши Министерството за правда, а за вршење на работите на правосудната управа Министерството за правда комуницира со претседателот на соодветниот суд.

Согласно членот 83 од Законот за судовите, во делокруг на правосудната управа, покрај другото, е вршењето надзор над спроведувањето на прописите за судски депозити и гаранции, како и надзор над ажурното вршење на работите во судот и спроведувањето на судскиот деловник, а согласно член 84 ставот 3 од Законот за судовите, Министерството за правда врши надзор во врска со примената на Судскиот деловник.

Воедно, одредбите од Законот за судовите со кои е определено дека судовите се самостојни и независни државни органи кои ја вршат судската власт, неприкосновеното правно дејство и задолжителноста на правосилните судски одлуки кои имаат поголема сила во однос на одлуките на кој и да е друг орган, забраната на секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, одредбата дека судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, како и одредбата од членот 19 став (2) од Законот за судовите, согласно кој „судот од повисок степен може да бара од судот со понизок степен од своето подрачје податоци во врска со примената на законите, проблемите кои се јавуваат во судењето, следењето и воедначувањето на судската практика, оддолжување на постапката по одделни предмети и други податоци, а може да изврши и друг увид во работата на тие судови, како и да

одржува заеднички состаноци заради разгледување на наведените прашања", при што "не смее на кој било начин да влијае на независноста и самостојноста на судот од понизок степен во донесувањето на одлуките во конкретни предмети " упатуваат дека надзорот над работата на пониските суд е во надлежност на повисокиот суд. Воедно, со Законот за Судскиот совет на Република Македонија е определена надлежноста на Судскиот совет за следење на работата на судиите, на претседателите на судовите и на судовите.

Министерството за правда ја следи работата на судовите согласно известувањата од претседателите на повисоките судови при нивниот редовен и вонреден надзор над работата на судовите од понизок степен, согласно членовите 24 и 25 од Судскиот деловник.

Нагласуваме дека со Законот за судовите конкретно не се пропишани постапката и начинот на вршење на надзорот од страна на Министерството за правда.

Надзорот на Министерството за правда се однесува на нормативниот дел и утврдувањето на потребата за изменување на законските и подзаконските прописи.

Во таа насока, во периодот за кој е извршена ревизијата на успешност, Министерството за правда вршејќи го надзорот преку конкретните извештаи и известувања на претседателите на судовите и повисоките судови, одржа состаноци со претставници од судовите во Република Македонија на кои беше увидена потребата од подобрување и измена на Судскиот деловник, како резултат на што министерот за правда донесе Деловник за изменување и дополнување на Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија бр.114/14").

Овластениот државен ревизор треба да има предвид дека судската власт е издвоена од извршната, Судскиот буџет и средствата на судовите се уредени со Законот за судски буџет, а Судскиот буџетски совет согласно членот 17 од Законот за судски буџет е должен да го следи извршувањето на финансискиот план и доколку во извршените контроли се констатираат неправилности и злоупотреби од претседателот на судот во процесот на извршувањето на финансискиот план ги известува Врховниот суд, Министерството за правда, Судскиот совет, Академијата за обука на судии и обвинители, Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Внатрешна ревизија на извршувањето на финансиските планови во судовите ја врши внатрешен ревизор назначен од Судскиот буџетски совет.

Укажуваме дека Министерството за правда согласно вака определените законски надлежности не може да врши надзор над материјално-финансиско работење и работењето на судовите со средствата на депозитите.

Со член 368 од Судскиот деловник се определуваат како надлежни органите со посебни прописи за надзор над материјално-финансиско работење (на пример: внатрешната ревизија во Судскиот буџетски совет - Судски совет на Република Македонија, Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола во Министерството за финансии согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Државниот завод за ревизија согласно Закон за ревизија и Правилникот за вршење на внатрешна ревизија, Финансиската полиција).

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
m-r Valdet Xhaferi

**Република Македонија**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I**
**03 Су.бр.333/16**
**25.03.2016 година**
**С к о п ј е**

ДО
Државен завод за ревизија
ул. Македонија бр.12/3
Скопје
-За главен државен ревизор
М-р Тања Таневска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 28.03.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | -298/11 | | |

**ПРЕДМЕТ:** Известување

**ВРСКА:** Ваш бр.09-298/1 од 23.03.2016 година

***Почитувани,***

До овој суд од Ваша страна под горенаведениот број и датум доставен е Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност „Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија".

По извршен увид и разгледување на Нацрт извештајот, Ве известуваме дека го прифаќаме и немаме забелешки по однос на истиот.

***Со почит,***

***ПРЕТСЕДАТЕЛ НА***
***ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ***
***М-р Владимир Панчевски***

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СУ-03.бр.933/15
21.04.2016 година
ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 26.04.2016
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 09 | 298 | 12 | |

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
За Главен државен ревизор
М-р Тања Таневска
С к о п ј е

ПРЕДМЕТ: Забелешка кон Нацрт Извештај за извршена ревизија на успешност

Врска: Ваш бр.09-298/8 од 23.03.2016 г.

Во врска со доставениот Нацрт извештај од извршена ревизија на успешност -Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции во РМ, Основен суд Велес истакнува забелешка во поглед на точка 18 од препораките која гласи:

„Решенијата за судските депозити да се потпишуваат и од страна на претседателот на судот или овластениот судија чии потписи се депонирани во банката со што ќе се овозможи поголема ефикасност на процесот на управување со судските депозити во Република Македонија".

Имено, сите одлуки на судот, вклучително и решенијата кои се однесуваат на привремени или редовни судски депозити, имаат пропишана форма и содржина согласно процесните закони (ЗПП, ЗКП и др.) во соодветен вид на судска постапки, така што содржат увод, изрека, образложение, правна поука и потпис на судијата (поединец или претседател на совет). Исто така со чл.131 ст.4 и 5 од Судскиот деловник, пропишано е дека изворникот на одлуката содржи потпис на судијата, како и доставна наредба, правна поука и налог за такса.

Оттука произлегува дека доставување на решенијата за судски депозити на дополнителен потпис на претседателот на судот или на судијата кој е негов заменик (кои единствено имаат депониран потпис во банка) е спротивно на закон и на Судскиот деловник.

Во секој случај, во Основен суд Велес исплата на судски депозити не се врши само со доставување на решение на судија, туку со посебна наредба т.е. налог (унифициран образец доставен од Судскиот буџетски совет) кој содржи потпис на судијата кој го издал, потпис на службеникот задолжен за ракување со депозитите, како и потпис на Претседателот на судот кој исто така го потпишува и налогот за плаќање од депозитната сметка кој се доставува до трезорот заради реализација.

Во поглед на останатите препораки кои се однесуваат на постапувањето на Основните судови, Ве известуваме дека во Основен суд Велес е веќе постапено по поголем дел од препораките и тоа:

-формирана е Комисија за вршење на надзор и прегледи на депозитите со решение СУ-05.бр.14/15 од 22.01.2016 година,
-дадени се насоки за работењето со депозитот и за комуникацијата помеѓу судиите, писарницата и Претседателот на судот во однос на постапувањето со депозитите,
-дадени се напатствија за внесување и обработка на депозитите во системот АБМС,

-донесено е посебно решение СУ-04.бр.45/16 од 06.04.2016 година со кое се овластува сметководителот -судски службеник Елеонора Попова да ги врши работите во врска со судските депозити,

-извршен е детален попис на состојбата на судскиот депозит и од страна на Комисијата е во тек утврдување на структурата и статусот на судските депозити со цел давање на препораки за понатамошно постапување со истите.

Во однос на препораките поврзани со евидентирање и постапување со гаранциите (по кој основ во овој момент нема уплати на депозитна сметка на судот), доколку по конкретен предмет бидат уплатени гаранции, по истите ќе се постапува согласно овие препораки.

Со почит,

Претседател на судот
Александар Шопов

ВЕЛЕС

**Одговор**
**на забелешки/коментари/известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се известување/забелешка/мислење на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност на тема "Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија" и тоа:

- Доставено е известување од страна на Основен суд - Скопје 1 број 03 Су. бр. 333/16 од 25.03.2016 година од раководното лице м-р Владимир Панчевски, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-298/11 од 26.03.2016 година;
- Доставено е забелешка од страна на Основен суд – Велес број 03 Су. бр. 933/15 од 21.04.2016 година од раководното лице Александар Шопов, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-298/12 од 26.04.2016 година и
- Доставено е мислење од страна на Министерство за Правда број 08 - 1666/2 од 27.04.2016 година од раководното лице м-р Валдет Џафери, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-298/13 од 03.05.2016 година.

Известувањето, забелешката и мислењето се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Во доставеното **известување** од страна на Основен суд - Скопје 1 наведено е дека по извршениот увид и разгледување на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, Основен суд Скопје го прифаќа и нема забелешки по однос на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

2. Забелешката на дадената **препорака** број 18 по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, која се однесува на тоа дека решенијата за судските депозити потребно е да се потпишуваат и од страна на претседателот на судот или овластениот судија чии потписи се депонирани во банка, **делумно се прифаќа,** и тоа во делот на допрецизирање на дадената препорака. Овластениот државен ревизор го имаше во предвид начинот на кој се врши верификацијата на наведените решенија и налози од страна на претседателот на Основен суд Велес. Исто така истакнуваме дека препораката се однесува на сите основни судови во Република Македонија, со цел воспоставување на систем во кој решенијата ќе бидат верифицирани/потврдени и од страна на претседателот на судот, заради обезбедување на поголема ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции во Република Македонија, која обврска е предвидена во член 353 од Судскиот деловник.

3. Мислењето во однос на констатираната состојба **во точката 1.1**. која се однесува на законските надлежности на Министерството за правда за вршење на надзор над спроведувањето на прописите за судските депозити и гаранции и вршење надзор во врска со примената на Судскиот деловник, **претставува известување** односно образложение за издвоеноста на судската од извршната власт, која состојба овластениот државен ревизор ја имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата. Утврдената состојба претставува законска обврска и се однесува на надзор над спроведување на прописите кои се однесуваат за судските депозити.